Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на **Урбанистички проект за градежно земјиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на дел од кп 940/3 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга,** со површина од 0,96 ха, према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 18.0.5.2021г
Раководител на сектор:
Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIJA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Арх.бр/Nr.Arh.11-2951/4
Дата/Data 25.06.2021

ДО /DERI TE: Чип Гроуп дооел
Ул. Костурски Херои 15-1/1а
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ / LËNDA:Известување

Почитувани,
Të nderuar

Во врска со Вашето барање бр.09-98/1 од 17.05.2021 година за издавање на податоци и информации за изработка на урбанистички проект за градежно земјиште со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, на дел од КП 940/3 КО Мороишта, во УЕ 12 дел од блок 30, Општина Струга, Ве известуваме за следното:

Од увидот во доставената техничка документација (дадена во електронска форма), и прибавените податоци и информации од Служба за просторен и информативен систем, при Министерството за животна средина и просторно планирање е утврдено дека предметната локација е надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија, а притоа е внатре во границата на Природното и културно наследство на Охридскиот Регион-УНЕСКО, истиот е на растојание од околу 40 метри до реката Црни Дрим и не опфаќа постојани или непостојани водени текови.

Од тие причини, при изготвување на проектната документација, од аспект на заштита на водите, а во согласност со Законот за води (Сл. Весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

Министерство за животна средина и просторно планирање Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање



Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци;

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

   - да се менува правецот на водотекот;
   - да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
   - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
   - да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
   - да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
   - да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
   - да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
   - да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

Министерство за животна средина и просторно планирање Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање



Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечки или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12)за чие спроведување е одговорно Министерство за транспорт и врски, каде единиците на локалната самоуправа како и одговорниот субјект кој управува со постојната инфраструктура се одговорни да водат евиденција и да воспостават регистар на подземната инфраструктура на нивното подрачје.

По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р.Македонија.

Со оглед на тоа што предметната локација навлегува внатре во заштитеното подрачје на УНЕСКО-Природно Културно наследство во постапката за изработка на Проект за инфраструктура треба да се добијат соодветни податоци и информации од Комисијата за УНЕСКО.

Министерство за животна средина и просторно планирање Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Воедно, Ве известуваме дека согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

Со почит,
Me respekt,

в.д.Директор на Управа за животна средина
u.d.Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi:EgzonAdemi
Контролирал/Kontrolloi: Мелита Гочевска
Одобрил/Aprovoi: Ylber Mirta

Министерство за животна средина и просторно планирање Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

ДО
ЧИП ГРОУП Дооел– Скопје

ул. Костурски Херои бр. 15-1/1а.
1000 Скопје

Бр. _17 – 1407/2
06.07.2021 година
Скопје

Предмет: Доставување податоци и информации
Врска: 09-98/1 од 17.05.2021 година

Во врска со вашето барање за изработка на **Урбанистички проект за градежно земјиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга со површина од 0,96 ha,** Управата за заштита на културно наследство врз основа на доставената и постојана документација, констатира дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на **член 65 од Законот за заштита на културното наследство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Со почит,

Директор,
Ацо Костов

Изработил: А. Илиевски.
Проверил/Одобрил: Б. Јовановска.

Доставено до:
- странката
- досие
- архива

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage
ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје, П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

АД Водостопанство на РМ-Скопје
ул. 3^та Македонска бригада бр.10^ Скопје тел. 02/3161-168;02/ 3223-772
vsm.rm @hotmail.com jpvodostopanstvo@yahoo.com /advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: Чип Груп ДООЕЛ
Ул." Костурски херои 15-1\1 А" - Скопје

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост
Бр. 11-1373/4
05.07.21 год.
Скопје

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 09-98/1 од 17.05.2021 наш бр.1373 од 03.06.2021

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање ваш бр. 09-98/1 со наш бр.1373 за издавање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации кои се во надлежност на АД Водостопанство на РМ во државна сопственост – Скопје, а имаат влијание во постапката за изработка на Урбанистичкиот проект за градежно земјиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на дел од КП 940/3 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, со површина од 0,96 ха.

Ве известуваме:
АД Водостопанство на Р.Македонија во државна сопственост – Скопје, во границите на планскиот опфат за изработка на Урбанистичкиот проект за градежно земјиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на дел од КП 940/3 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, со површина од 0,96 ха, потребно е да се внимава на КП 1264 ИЛ 169 КО Морошта Општина Струга, која парцела е означена како река и се наоѓа на 10 м од дадениот опфат и потребно е да се заштити согласно Членовите: 131, 163 и 167 од Законот за води.

Со почит,

Изготвил: Марјан Дојчиновски
Контролирал: Слободан Дојчинов
Одобрил: Коста Малзарков

АД Водостопанство на РМ – Скопје
Главен извршен директор
Васко Стефанов

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

1.2.1 Мислења од надлежни субјекти релевантни за подрачјето во проектниот опфат

По барање на Комисијата за светско природно и културно наследство, побарани се Мислења од релевантни надлежни субјекти, за кои се доставени позитивни мислења:

- Управа за животна средина, Сектор за природа при Министерство за животна средина и просторно планирање, под арх. бр. 11-2460/5 од 21.07.2023 година;
- Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, под бр. 13-432/2 од 12.04.2023 година;
- Управа за заштита на културно наследство при Министерство за култура под бр. 17-2790/2 од 20.09.2023 година;
- Дирекција за заштита и спасување – подрачно одделение Струга под арх. бр. 09/3-84/2 од 09.05.2025 година;
- Агенција за катастар на недвижности под арх. бр. 0932-1260/3 од 15.05.2025 година.

По доставување на коригираната документација и урбанистички проект, како и доставениот Одговор по доставено Мислење под арх. бр. 09-346/1 од 25.09.2023.година до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство, доставено е и позитивно Мислење под бр. 68-8976/3 од 20.12.2023 година од страна на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство.

МИСЛЕЊА

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА -DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-2460/5
Дата/Data: 21-07-2023 год./viti

До/Deri te: **"ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ - Скопје**
ул. "Костурски херои" бр 15-1/1А
1000 Скопје

Предмет/Lenda: **Стручно мислење**

Врска/Lidhja: **Ваш број: 09-118/1 од 30.03.2023**
Наш број: 11-2460/1 од 31.03.2023

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со вашето барање, допис Бр.11-2460/1 од 31.03.2023 година за доставување на стручно мислење по Урбанистичкиот проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, на делод КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од Блок 30, општина Струга, изготвен од "ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ - Скопје, со тех. бр.08-03/2021 од Февруари 2022 година Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, од аспект на своите надлежности во областа на заштита на природата, го дава следното мислење:

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистичкиот проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, на КП 940/3, КО Мороишта во УЕ 12 (индустриска зона) дел од Блок 30, општина Струга е простор којшто согласно секторската Студија за заштита на природното наследство (1999), изготвена за потребите на Просторниот план на Република Македонија ("Сл. Весник на РМ", бр. 39/04) и просторните податоци во државен координатен систем изготвени од Службата за просторен информативен систем, допис Бр. 16-2460/4 од 10.07.2023 година, не се наоѓа во граници на заштитено подрачје утврдено со закон како и во границите на Националната Емералд Мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување *(ASCI-Areasof Special Conservation Interest)* која претставува алатка за воспоставување на идната Европска еколошка мрежа - Натура 2000. Согласно просторната идентификација утврдено е дека предметниот проектен опфат се

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање



Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА -DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

ноаѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, утврдени во Досието за номинација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (1979) односно во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план ("Сл. всник на РСМ", бр.45/20).

Согласно одредбите од Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план, предметниот проектен опфат од аспект на заштита на природното наследство, се наоѓа во Третата заштитна зона, која ги опфака просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми) што се застапени помеѓу котата 866 м.н.в и надворешната граница на Првата заштита зона. Во оваа зона согласно утврдените мерки на заштита дефинирани во поглаавјето 9.2.1.3 од наведениот План за управување, се забранува: (1) интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземните води, (2) зголемување на урбаните опфат на населбите за не повеќе од 20 %, (3) изградба на инфраструктурни градби освен кога проектите се од јавен интерес и (4) други активности кои можат да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Земајќи го во предвид изнесеното, а особено фактот дека предметното проектно решение на површина од 9623.79 м^2, предвидува операционализирање на плански поставки утврдени во Блок 30 (дисперзирана површина северно од градот Струга) од постоечкиот Генерален урбанистички план на Струга донесен со Одлука на општина Струга Бр.07-643/7 од 05-04.2007 (2007-2017), Управата за животна средина од аспект на своите надлежности во областа на заштита на природата, ја подржува иницијативата за изработка на Урбнистичкиот проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, на КП 940/3, КО Мороишта во УЕ 12 (индустриска зона) дел од Блок 30, општина Струга, но укажува на потребата од дополна на истиот во поглавјето 1.5.4 Мерки за заштита на природното и културното наследство , согласно долунаведеното:

1. при изработката и донесувањето на Урбнистичкиот проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, на КП 940/3, КО Мороишта во УЕ 12 (индустриска зона) дел од Блок 30, општина Струга, покрај режимот на заштита утврден во Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиит регион со Акциски план (2020-2029), целосно да се почитуваат и

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА -DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

применуваат законските одредби дефинирани во член 2, став 2 и став 3, член 6, член 9, алинеа 4 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиит регион ("Сл. весник наРМ". бр,75/10)

2. Согласно точката 9 од Заклучоците од 57-та Седница на Владата за Република Северна Македонија одржана на 23.03.2021 година, Бр. 40-3698/1 од 23.03.2021 "се препорачува општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца во постапките на издавање на одобрение за градба задолжително покрај изводот од Детален урбанистички план да издаваат и изводи од Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион".
3. согласно член 17 од Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион ("Сл.весник на РМ", бр.75/10) предметната документација да се достави на мислење до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион именувана од страна на Владата на Република Северна Македонија ("Сл. весник на РСМ", бр.143/20)

МИНИСТЕР / MINISTER
Каја Шукова

Изработил/Përpiloi: Валентина Чавдарова
Раководител на Одделение

Контролирал/Kontrolloi: Сашко Јорданов
Заменик Раководител на Сектор

Согласен/Miratoi:: Влатко Трпевски
Раководител на Сектор

Одобрил/Aprovoi:
Директор на Управа за животна средина
Drejtor i Drejtorse për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шапи" бр. 10,П.Фах: 93, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел.: 046/262-448; 046/231-300; факс: 046/231-302, Музејски хорови Робеши 267-173;
e-mail: zimohrid@yahoo.com жиро сметки: банкарски 100300975665519 и сметка 1803098

Согласно Владините укажувања кои се однесуваат на спроведување на „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020)", и согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр 225/20), по барање ЧИП ГРОУП ДООЕЛ - СКОПЈЕ, бр 09-118/1 од 30.03.2023 (Наш број 13-432/1 од 31.03.2023) год, врз основа на службената евиденција што ја води НУ Завод и Музеј-Охрид, по увидот во доставената документација, го даваме следново:

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Kombëtar ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 13-432/2
12.04.2023
Охрид/Ohër

М И С Л Е Њ Е

За урбанистичко проектна документација со тех. бр. 08-03/2021 од февруари 2022, УП за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, на дел од КП 940/3 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, од планерот ЧИП ГРОУП ДООЕЛ (П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А 1000 СКОПЈЕ), по нивно барање бр 09-118/1 од 30.03.2023 (Наш број 13-432/1 од 31.03.2023), податоците и информации кои се дадени од Министерство за култура - Управа за заштита за културно наследство, дадени во точка 1.2 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура, констатирано е дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, со напомена доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите согласно Член 65 од Законот за заштита на културното наследство, се испочитувани во истиот.

Согласно Изводот од ГУП, проектниот опфат се наоѓа во заштитна зона во границите на ГУП на Струга (што не е третиран во делот културно наследство од „Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион„), поточно тој е дел од блок 30 од ГУП на Струга (дисперзирана површина северно од Градот Струга), а се лоцирани надвор од границите на утврдените заштитни зони, односно, според одредбите во точка 9.2.1 од „Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион„, планскиот опфат спаѓа во заштитната зона која е „формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени" т.е. е простор во рамки на „населби и друго градежно земјиште" кое е категоризирано во Третата заштитна зона утврдена со границите за заштитни зони на природното наследство.

Исто така, според План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), опфат се наоѓа во заштитна „Зона III“ каде можат да се планираат:

- инфраструктурни градби (првенствено со користење на постојните траси и коридори за да се заштитат шумите и земјоделското земјиште, односно уништувањето на интегритетот на природните структури создадени од човекот со задолжително изработувањеа Стратегија за оцена на влијанието врз културното наследство);
- активности кои ќе ги подобрат условите за живеење и стопанисување преку ревитализација на руралните населби преку принципот на интегрален развој и потребите на селскиот и екотуризам (во согласност мерките на заштита и со претходна согласност од надлежните институции);
- реконструкција на легално изградени станбени објекти во постојниот габарит.

Од тие причини, треба да се почитуваат и одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на Република Македонија, број 75/10) и „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029” (Сл. Весник бр 45/2020)“.

Културното наследство го сочинуваат различни видови добра и нивното опкружување, сочинувајќи една целина. Бидејќи тоа може да има различни вредности, во зависност од контекстот, неговиот заштитен третман може да се разликува од случај до случај. Во таа насока, целта на заштитата е да се зачува квалитетот и вредноста на културното наследство, неговата материјална содржина и да го осигура неговиот интегритет за идните генерации.

Во точка 1.5.4 Мерки за заштита природното и на културното наследство, дадени се Мерки од аспект на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион и наведени се забранети активности кои во делот на максимален дозволен процент на изграденост отстапува , односно има процент на изграденост поголема од 50% заради затекнатата состојба на постоечки објекти, која веќе изнесува 65.43%, а во планирана изнесува 66.04%, што е незначително мало зголемување на дел од постојните помошни објекти каде се планира како доградба на постојната градба.

Со УП за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, на дел од КП 940/3 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, не се менуваат структурните пределски карактеристики на пејсажот и не се менува начинот на користење на земјиштето во намена (индустриска зона), предвидено со постојните развојни политики на градот, а архитектонското обликување е со габарит; кој е приспособен на бараниот технолошки процес на линиско производство.

Новоформираната силуета е во контекст со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби на индустриска зона, односно го почитува локалниот карактер и силуета на просторот каде се гради со висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Разработено е решението на партерот, внатрешниот сообраќај, зелени појаси и инфраструктурни градби во рамки на парцелата кои ќе ја почитуваат стекнатата амбиентална околина и нема да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Новопредвидените објекти се третираат современо од функционален и конструктивен аспект кој ќе ги задоволува асеизмичките потреби за цврстина на градба со класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија.

Според анализата на пејсажните вредности на непосредната околина, објектите се на доволно растојание со што непречат на правото на визури и инсолациска изложеност на планираните градби и во однос на постојниот изграден фонд.

Со проектот се внесува разновидност во архитектонската понуда, со која ќе се оплемени сегашната запуштена состојба на местото и ќе се збогати стопанската понудата на градот и од социо-економски аспект со што ќе се потенцираат позитивните вредности од изградбата на ваков тип на градби.

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст.

Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Заради сето горе изнесено, НУ Завод и Музеј Охрид, препорачува, постапката за усвојување на урбанистичко проектна документација со тех. бр. 08-03/2021 од февруари 2022, УП за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, на дел од КП 940/3 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, од планерот ЧИП ГРОУП ДООЕЛ (П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А 1000 СКОПЈЕ) , **може да продолжи.**

Изработи:
М-р, Горан Патчев
Виш конзерватор

в. д. Директор,
Катерина Велковска

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17 – 2790/2
20.03.2023 година
Скопје

ДО
ЧИП ГРОУП дооел - Скопје
ул. „Костурски Херои" бр. 15-1/1А
1000 СКОПЈЕ

Предмет: Мислење
Врска: Ваше барање бр.09 – 118/1 од 30.03.2023 година.

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, го разгледа Вашето барање за мислење за одобрување на **Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, општина Струга** (тех.бр.08-03/2021 од февруари, 2022 година) изработен од ЧИП Гроуп дооел – Скопје.

Врз основа на доставената документација и во согласност со доставените податоци (акт бр. 17 – 1407/2 од 06.07.2021 год.), Управата за заштита на културното наследство констатира дека потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се вградени во планот.

Со оглед на тоа, од аспект на заштита на културното наследство, усвојувањето на планот може да продолжи.

Најомонуваме дека предметниот простор се наоѓа во границите на природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање на Урбанистичкиот проект, истиот треба да биде усогласен со Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), да се почитуваат меѓународните и домашните прописи.

Со почит,

в.д. Директор,
м-р Зоран Павлов

Изработил: З. Тодоровски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение Струга

09 Мај 2025 година.

Бр. 09/3-84/2

До
„ЧИП ГРОУП„ ДООЕЛ Скопје

Предмет: Мислење, доставува.-
Врска : Ваш акт со.број 09-186/1 од 08.05.2025 год.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачно одделение за заштита и спасување Струга, Ви го доставува следното

М И С Л Е Њ Е

За застапеноста на мерките за заштита и спасување за изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси- фабрички комплекси, на дел од КП940/3 КО Мороишта во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30. Општина Струга.

Дирекцијатра за заштита и спасување изврши увид во поднесената документација - **за изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси- фабрички комплекси, на дел од КП940/3 КО Мороишта во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30. Општина Струга, со Тех.Бр 08-03/2021** изработена од Чип Гроуп ДООЕЛ Скопје и констатира дека мерките за заштита и спасување се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување дава **позитивно мислење.**

Изработил: Зоран Џутески

Zoran Djuteski
Digitally signed by Zoran Djuteski
Date: 2025.05.09 11:13:49 +02'00'

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Подрачно одделение за ЗС – Струга
Овластен Потписник
Зоран Џутески

Доставено до: Насловот, Архива.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за превенција, планирање и развој
Одделение за издавање на урбанистичка согласност
ул. „Васко Карангелевски" бр.8,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2433 384
www.dzs.gov.m
dzs@dzs.gov.mkdzs@

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e kadastrës së paluajtshmërive

Бр. / Nr. _____
Дата: / Me datë: _____
Скопје / Shkup

Трифун Хаџи Јанев бр.4
/ Trifun Hadhi Janev nr.4
1000 Скопје / Shkup
Тел. / Tel. 02 3115 000
Факс: / Fax. 02 3115 200
Е-пошта: / Posta e-:
info@katastar.gov.mk
Сајт: / Faqja: www.katastar.gov.mk

0932-1260/3
15.5.2025

ДО: "ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ-Скопје

ПРЕДМЕТ: Мислење за утврдена состојба

Врска:Број на постапка во Е-Урбанизам преку **ПИМ** со број **71378**
Ваш бр. 09-186/1 од 08.05.2025 год.
Наш бр. 0932-1260/2 од 13.05.2025 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, иницирате постапка за мислење за утврдена состојба по извршено споредување на податоците на подлоги од Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2-индустриски згради од други прерботувачки индустрии со помалку загадувачки процеси-фабрички комплекси, на дел од КП 940/3 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга изработен од *"ЧИП ГРОУП"* ДООЕЛ Скопје со тех.бр. 08-03/2021 од мај 2025 година, со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020, 111/23 , 73/24, 171/24 , 224/24 и 40/25).

Агенцијата за катастар на недвижности по извршениот увид на доставената документација и Електронскиот запис со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект, Ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење.

Прилог: Извештај од утврдена состојба по извршено споредување
Забелешка: Потребно е барањето да биде поврзано во релевантна постапка

Со почит,

Изработил: Ивона Каљкова, помлад соработник
Контролирал/Одобрил: м-р Билјана Ајтарска, раководител на одделение.

Директор

Иван Живковски

Место за Дигитални потписи

Изработил	Контролирал	Одобрил	Согласен	Директор
Ivona Kaljkova 13.05.2025 10:55 CEST	Biljana Ajtarska 13.05.2025 11:09 CEST			Ivan Zhivkovski 14.05.2025 15:03 CEST

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
КО МОРОЈШТА

ИЗВЕШТАЈ УТВРДЕЛА СОСТОЈБА ПО ИЗВРШЕНО СПОРЕДУВАЊЕ

| Редни број | ПОДАТОЦИ ЗА ИМОТОТ | | |

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

04.04.2023

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ 12-277/7

Архивски бр. 15-2101/2

Дата: 28-03-2023

ДО: Општина Струга
Плоштад Мајка Тереза Б.Б.
6330 Струга
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 12-277/7 од 16.03.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање под **бр. 15-2101/1 од 17.03.2023 година** и доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина за **Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП бр. 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од Блок 30, – Општина Струга**, врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава **позитивно мислење** по содржината и обемот на документот. Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот. Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Министерство за животна срединаи просторно планирањеРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во извештајот за Стратегиска оцена на животна средина.

Со почит,

Министер
Каја Шукова

Изработил: Бајрам Џамиќ

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

Министерство за животна срединаи просторно планирањеРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

MinistriaeMjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион

Komisioni i udhëheqjes së trashëgimisë botërore natyrore dhe kulturore në rajonin e Ohrit

Бр. 68-8976/3
10-12 2023 година
Скопје

До
Општина Струга
Одделение за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животна средина
Плоштад „Мајка Тереза" бб
6330 Струга

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Примено: 22.12.2023
Орг. единица: 10-

ПРЕДМЕТ: Доставување Мислење
ВРСКА: ваш број 10-3682/5 од 02.10.2023 год.

Во врска со вашето Барање мислење, а кое се однесува на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, општина Струга (**наш бр. 68-8976/1 од 05.10.2023**), врз основа на член 17 од Законот за управување со светското природно и културното наследство на Охридскиот регион (Сл.Весник на РМ бр. 75/10), Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион го дава следното

М И С Л Е Њ Е

Предметот е разгледуван на една од седниците на Коисијата во 2022 год.

Врз основа на мислењето од Комисијата за управување бр. 68-5643/3 од 09.06.2022 год. документацијата е дополнета со мислење од НУ Завод за заштита на спомениците и Музеј Охрид во кое е наведено дека постапката може да продолжи (бр. 13-432/2 од 12.04.2023 год.), спроведена е Стратегиска оценска за влијание врз животната средина и добиено е мислење од Министерство за животна средина за финалниот извештај од СЕА (бр. 15-2101/2 од 28.03.2023 год.).

Дополнително, доставен е и Одговор по забелешките на Комисијата за управување од страна на планерот со објаснување за прифаќање и неприфаќање на забелешките од Комисијата.

1

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Комисијата за управување констатира дека не е постапено по забелешката на Комисијата која се однесува на процентот на изграденост кој го надминува максимално дозволениот процент на изграденост кој согласно Планот за управување изнесува 50%, односно во УП процентот на изграденост на ГП изнесува 66.04%. Во доставениот одговор од планерите се даваат оправдувања за одстапувањата кои се во главно во врска со затекната состојба.

Комисијата имајќи го предвид наведеното дава позитивно мислење и постапката може да продолжи.

Со почит,

Комисија за управување со светското
природно и културно наследство во Охридскиот регион,
м-р Зоран Павлов
претседател

2

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

1.3 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение

Изработката на **Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга** е во согласност со член 58 став 2 точка 3 од *Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25)*, како и член 54 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)* според кој урбанистички проект за стопански и индустриски намени се изработува за градежно земјиште коешто во урбанистички план е наменето за изградба на стопански, индустриски, енергетски и други техничко – технолошки и специјални намени од групата на намени Г, при што со урбанистичкиот проект се врши урбанистичко – архитектонска, градежна или техничко – технолошка, планско – проектна разработка на градежни парцели или на катастарски парцели што според пристапноста, големината и формата ги исполнуваат условите за формирање на градежна парцела за соодветните стопански и индустриски намени што со генерален урбанистички план се наменети за тие класи на намени.

Целта на УП, согласно член 54 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, е да се изврши урбанистичко – архитектонска, градежна или техничко – технолошка, планско – проектна разработка на парцелата што според пристапноста, големината и формата ги исполнува условите за формирање на градежна парцела за соодветните стопански и индустриски намени.

Намена на земјиштето и градбата

Согласно Извод од Измена и дополна на Генерален урбанистички план Струга, за дел од Блок 30, КП 940/3, КО Мороишта.

	НУМЕРАЦИЈА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА	КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА (30%)	ВИСИНА НА ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ (m)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	МИНИМАЛЕН ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО БЛОКОТ (%)	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА
ДЕЛ ОД БЛОК 30	940/3	Г - Производство, дистрибуција и сервисни објекти	Согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 78/2006)	Согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 78/2006)	Согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 78/2006)	Согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 78/2006)	20%	Согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 78/2006)

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Врз основа на издадениот Извод од ГУП за КП бр. 940/3, КО Мороишта, општина Струга под бр. 10-70/2 од 16.03.2021 година, издаден од страна на Секторот за просторно планирање и комунални дејности при општина Струга, основната класа на намена на предметната парцела е Г2 – лесна и незагадувачка индустрија.

Согласно член 197 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, класификацијата на видови на градби и намени од член 77 од овој правилник дадена во Прилог на овој правилник, ќе се применува во спроведувањео на урбанистичките планови, урбанистичко плански документации и урбанистичко проектни документации донесени до денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Во таа смисла, намената на градежна парцела 1, се насловува согласно *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)* според член 77 и точка 8 од Прилогот со класификација на видови на градби и намени и точка 199 од табеларниот приказ и гласи:

Г2 - индустриски зграда од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси

Врз основа на точка 8 од Прилогот со класификација на видови на градби и намени и точка 199 од табеларниот приказ од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), може да се применува намената* **Г2 - индустриски зграда од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси** и наместо поединечна намена согласно член 77 од истиот Правилник.

Промената на основната класа на намена согласно член 77 и точка 8 од Прилогот со класификација на видови на градби и намени и точка 199 од табеларниот приказ од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, се прави и врз основа на доставени забелешки од страна на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство за соседниот проектен опфат или ГП 2 *(Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски зграда од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на КП 941/3 и делови од КП 941/1, КП 939 и КП 940/2 КО Мороишта, во УЕ 12 (Индустриска Зона) дел од Блок 30, Општина Струга)*, доставени во Мислењето под бр. 68-5706/3 од 09.06.2021 година, заради усогласување на намените согласно *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).*

Согласно член 81 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Со овој урбанистички проект се планираат компатибилни класи на намена, согласно Извод од Измена и дополна на Генерален урбанистички план Струга, за дел од Блок 30, КП 940/3, КО Мороишта, до 30% застапеност:

Г3 – Сервиси
Г4 – Стоваришта

Согласно Измена и дополна на Генерален урбанистички план Струга, за Блок 30, КО Мороишта, при примена на компатибилни класи на намена истите не смеат да надминат повеќе од 30% од основната класа на намена.

Согласно член 113 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)* се планира зелена ограда односно ограда од живо зеленило со локално уредена висина, која во населени места може да биде од 0,60 м до најмногу 4,00 м, при што општо правило е дека оградувањето на градежните парцели не треба да ги наруши безбедноста и прегледноста на сообраќајниците, пристапноста кон градбите од јавен интерес, како и проодноста и социјабилноста на јавните простори (плоштади, паркови, пешачки зони и сл.).

Во спроведувањето на урбанистичките планови оградите се поставуваат по правило во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

Со овој урбанистички проект **не се планираат**: издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, ветерници или други објекти со височина поголема од 100м, кои би претставувале препреки во воздухопловството.

Планскиот опфат се наоѓа во **заштитна зона во границите на ГУП на Струга (културно наследство),** поточно тој е дел од блок 30 од ГУП на Струга (дисперзирана површина северно од Градот Струга), која е утврдена во донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.45/20), во која е забрането изградба на објекти повисоки од П+1 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

Во овој урбанистички проект, планираната градежна парцела и површини за градење се со максимална катност од П и има процент на изграденост поголема од 50% заради затекнатата состојба. Во постојна состојба процентот на изграденост изнесува 65.43%, а во планирана изнесува 66.04%.

Врз основа на добиеното **Мислење под бр. 13-432/2 од 12.04.2023 година од страна на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид,** градежната парцела има процент на изграденост поголема од 50% заради затекнатата состојба на постоечки објекти, која веќе изнесува 65.43%, а во планирана изнесува 66.04%, што е незначително мало зголемување на дел од постојните помошни објекти каде се планира како доградба на постојната градба.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за заштита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување, мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфраструктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ", бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ", бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21), се предвидуваат следните урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- Асанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот проектен опфат, како во рамките на урбанистичкото планирање, така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа планска документација.

Урбанистичко технички мерки кои се предвидуваат во овој урбанистички проект, согласно добиените Претходни услови од ДЗС – ПО Струга, се:

Заштита и спасување од поплави, уривања на брани и други атмосферски непогоди

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ", бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21) член 67, заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлози и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“, бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со:

- Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување – евакуација на населението („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 101/10),
- Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05),
- Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 94/09),
- Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РСМ“ бр. 231/20),
- Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гасење на пожари („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 26/18), како и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, проектен опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од **Струга**. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

Исто така, во проектната документација која се изработува врз основа на Законот за градење, потребно е да се предвидат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивставени страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5 метри, а најмногу 80 метри.

При проектирање и изведување, ако објектот се гради до веќе постоечка градба, или се градат две нови градби, меѓусебното растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби, сметано од котата на терен до котата на венец, согласно член 21 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РМ“ бр. 231/20) и да се почитуваат безбедносните зони за опасните материи.

Согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РМ“ бр. 231/20), широчината на коловозот на пристапниот пат, за еднонасочен сообраќај и движење на противпожарните возила се проектира така да не биде помала од 3.5м, односно 5,5м за двонасочен сообраќај.

Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Согласно член 76 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“, бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во градот е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во проектен опфат која е предмет на проектната документација.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на проектниот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Заштита и спасување од урнатини

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ", бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21) член 81, заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни превземено од опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

За заштита на предметниот плански опфат од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00м, на коридорот на улиците;
- при рушење објектот ја зафаќа х/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита на спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија" 100/10 год.).Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита на спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија" 100/10 год.)

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето

Предметниот опфат се наоѓа на рамен терен, на кој не се очекува настанување на свлекување на земјиште. При изработка на основни проекти, доколку се јави потреба, да се изготви Елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

1.5.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Согласно член 189 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, мерките за пристапност и проодност, како и за надминувањето на урбаните бариери, што се составен дел на урбанистичките планови се однесуваат на:

1. јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба од групите на класи на намени Д и Е,
2. станбени и станбено-деловни згради со десет и повеќе станови од групата на класи на намени А, и
3. градби за јавна употреба со институционални, деловни и комерцијални намени од групите на класи на намени Б и В.

Со овој урбанистички проект се планираат градби од класа на намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, заради што не се предвидуваат посебни мерки.

1.5.4 Мерки за заштита природното и на културното наследство

За предметниот проектен опфат, не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Во случај да се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи согласно одредбите член 65 од Законот за заштита на културното наследство, („Сл.весник на Р.Македонија", бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19 и 3/25).

- Мерки од аспект на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион

Согласно донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.45/20), планскиот опфат се наоѓа во **заштитна зона во границите на ГУП на Струга (културно наследство),** поточно тој е дел од блок 30 од ГУП на Струга (дисперзирана површина северно од Градот Струга). Во него не се наведени посебни мерки за заштита и забранети активности за просторите кои се во опфат на ГУП на Град Струга, а се лоцирани надвор од границите на утврдените заштитни зони (како што е случајот со блокот 30).

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Во контекст на урбаното планирање, ревитализацијата може да се користи за подобрување на општествените и економските активности на делот од културно-историското подрачје на градот, кој го изгубил своето оригинално функционално живеење. Тоа ќе се постигне со преземање активности (конзервација/реставрација) кои ќе овозможат враќање на вредностите на тоа градителското наследство и на урбаните простори кои почнале да го губат своето значење.

Користењето на ревитализираното културно наследство ќе биде во согласност со мерките на заштита, односно нема да се дозволи намена која дополнително ќе влијае на нарушување на интегритетот на наследството. Токму затоа, целта на ревитализацијата во овие простори ќе биде воспоставување на рамнотежа меѓу заштитата и развојот.

Во опфатот нема утврдени поединечно заштитени добра и амбиентални градби.

Забранети активности:
- поголем процент на изграденост од 50% во граници на ГУП;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Согласно добиеното **Стручно мислење под арх бр. 11-2460/5 од 21.07.2023 година од страна на Секторот за природа, Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање**, Управата за животна средина од аспект на своите надлежности во областа на заштита на природата, ја подржува Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, Општина Струга, но укажува на потребата **да се почитува долунаведеното:**

1 При изработката и донесувањето на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, покрај режимот на заштита утврден во Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029), целосно да се почитуваат и применуваат законските одредби дефинирани во член 2, став 2 и став 3, член 6, член 9, алинеја 4 од Законот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион („Сл. Весник на РМ“, бр. 75/10);

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

2 Согласно точката 9 од Заклучоците од 57-та Седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 23.03.2021 година, бр. 40-3698/1 од 23.03.2021 година, "се препорачува општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца, во постапките за издавање на Одобрение за градба задолжително покрај Изводот од Детален Урбанистички План да издаваат и Изводи од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион.";
3 Согласно член 17 од Законот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион („Сл. Весник на РМ", бр. 75/10), предметната документација да се достави на мислење до Комисијата за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион именувана од страна на Владата на Република Северна Македонија („Сл. Весник на РСМ", бр. 143/20).

Врз основа на добиеното **Мислење под бр. 13-432/2 од 12.04.2023 година од страна на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид,** планскиот опфат спаѓа во заштитната зона која е "формирана на деловите под кота 866 м.н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени т.е. простор во рамки на "населби и друго градежно земјиште" кое е категоризирано во Третата заштитна зона утврдена со границите за заштитни зони на природното наследство. Исто така, според Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион („Сл. Весник на РСМ", бр. 45/20), **опфатот се наоѓа во заштитна „Зона III" каде можат да се планираат:**

- **Инфраструктурни градби (првенствено со користење на постојните траси и коридори за да се заштитат шумите и земјоделското земјиште, односно уништувањето на интегритетот на природните структури создадени од човекот со задолжително изработување на Стратегија за оцена на влијанието врз културното наследство);**
- **Активности кои ќе ги подобрат условите за живеење и стопанисување преку ревитализација на руралните населби преку принципот на интегрален развој и потребите на селскиот и екотуризам (во согласност мерките на заштита и со претходна согласност од надлежните институции);**
- **Реконструкција на легално изградени станбени објекти во постојниот габарит.**

Од тие причини, треба да се почитуваат и одредбите од Законот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион („Сл. Весник на РМ", бр. 75/10) и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски План 2020-2029 („Сл. Весник на РСМ", бр. 45/20).

Културното наследство го сочинуваат различни видови добра и нивното опкружување, сочинувајќи една целина. Бидејќи тоа може да има различни вредности, во зависност од контекстот, неговиот заштитен третман може да се разликува од случај до случај.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Во таа насока, целта на заштитата е да се зачува квалитетот и вредноста на културното наследство, неговата материјална содржина и да го осигура неговиот интегритет за идните генерации.

Во точка 1.5.4 Мерки за заштита на природно и културно наследство, дадени се мерки од аспект на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и наведени се забранети активности кои во делот на максимален дозволен процент на изграденост отстапува, односно има процент на изграденост поголема од 50% заради затекнатата состојба на постоечки објекти, која веќе изнесува 65.43%, а во планирана изнесува 66.04%, што е незначително мало зголемување на дел од постојните помошни објекти каде се планира како доградба на постојната градба.

Со Урбанистичкиот проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, не се менуваат структурните пределски карактеристики на пејсажот и не се менува начинот на користење на земјиштето во намена (индустриска зона), предвидено со постојните развојни политики на градот, а архитектонското обликување е со габарит, кој е приспособен на бараниот технолошки процес на линиско производство.

Новоформираната силуета е во контекст со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби на индустриска зона, односно го почитува локалниот карактер и силуета на просторот каде се гради со висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

Разработено е решението на партерот, внатрешниот сообраќај, зелени појаси и инфраструктурни градби во рамки на парцелата кои ќе ја почитуваат стекнатата амбиентална околина и нема да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Новопредвидените објекти се третираат современо од функционален и конструктивен аспект кој ќе ги задоволува асеизмичките потреби за цврстина на градба со класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија.

Според анализата на пејсажните вредности на непосредната околина, објектите се на доволно растојание со што не пречат на правото на визури и инсолациска изложеност на планираните градби и во однос на постојниот изграден фонд.

Со проектот се внесува разновидност во архитектонската понуда, со која ќе се оплемени сегашната запуштена состојба на местото и ќе се збогати стопанската понуда на градот и од социо-економски аспект со што ќе се потенцираат позитивните вредности од изградбата на ваков вид на градби.

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст.

Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитет и треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јасна и систематска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Заради сето горе изнесено, НУ Завод и Музеј Охрид, препорачува постапката за усвојување на урбанистичко проектната документација за изработениот Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, може да продолжи.

Согласно добиеното Мислење под бр. 17-2790/2 од 20.09.2023 година од страна на Управата за заштита на културно наследство при Министерството за култура и врз основа на доставената документација и во согласност со доставените податоци (акт. Бр. 17-1407/2 од 06.07.2021 година), Управата за заштита на културното наследство констатира дека потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на Република Македонија", бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19 и 3/25), се вградени во планот.

Со оглед на тоа, од аспект на заштита на културното наследство, усвојувањето на планот може да продолжи.

Воедно, Управата за заштита на културно наследство напоменува дека предметниот простор се наоѓа во границите на природното и културно наследство на Охридскиот Регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа, при планирање и проектирање на Урбанистичкиот проект, истиот треба да биде усогласен со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски План 2020-2029 и да се почитуваат меѓународните и домашните прописи.

1.5.5 Други мерки

Согласно добиеното известување од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање е утврдено дека предметната локација е надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија, а притоа е внатре во границата на Природното и културно наследство на Охридскиот Регион-УНЕСКО, истиот е на растојание од околу 40 метри до реката Црни Дрим и не опфаќа постојани или непостојани водени текови.

Од тие причини, при изготвување на проектната документација, од аспект на заштита на водите, а во согласност со Законот за води („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25), треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци;

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:
- да се менува правецот на водотекот;
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Согласно добиеното известување од страна на АД Водостопанство на РМ – Скопје, во границите на планскиот опфат за изработка на Урбанистичкиот проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на дел од КП 940/3, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, со површина од 0,96 ха, потребно е да се внимава на КП 1264 ИЛ 169 КО Морошта Општина Струга, која парцела е означена како река и се наоѓа на 10 м од даденият опфат и потребно е да се заштити согласно Членовите: 131,163 и 167 од Законот за води.

Врз основа на наведеното, обезбеден е заштитен појас од 10м во Урбанистичкиот проект.

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
– УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ОПШТИНА КОМУНА СТРУГА KOMUNA E STRUGËS

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ | ÇERTIFIKAT NGA PLANI NUMËR 30

Број/Numër 10-70/2 од/nga 16.03.2021
(архивски број/numri arkivor) (датум/data)

ГУП:	PGJU:
Измена и дополна на ГУП Струга 2007 - 2017	Ndryshim dhe plotësim të PGJU Strugë 2007 - 2017
наслов на план и плански период	titulli i planit dhe periudha planore

Сектор за просторно планирање и комунални дејности | Sektori për planifikim hapësinor dhe veprimtari komunale

Одлука бр. | Vendimi nr.: 07-643/7 од/nga 05.04.2007
(број и датум на Одлуката со која е донесен планот) | (numri dhe data e vendimit të miratimit të planit)

М 1: 5000
(размер/përpjesa)

Барател: ЧИП ГРОУП ДООЕЛ – Скопје

Kërkesë: ÇIP GROUP SHPKNJ – Shkup

ИЗВОД ЗА:
дел од Блок 30, КП бр.940/3, КО Мороишта.
(блок/четврт/урбана единица/катастарска парцела во катастарска општина/улица-сообраќајница/цел плански опфат)

ÇERTIFIKAT PËR:
pjëse nga Blloku 30, PK nr.940/3, KK Moroishtë.
(bllok/pjes blloku/njësia urbane/parcela kadastrale në komunën kadastrale/rrugë-trafik/përfshirja e plotë planore)

СОДРЖИ/PËRMBATJA:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:	1. PJESA GRAFIKE:
Синтезен приказ / Paraqitje sinteze	

Прилог / Shtojcë:
- заверена копија од урбанистичкиот план за кој се однесува барањето со легенда и одредби за реализација / Kopja e vërtetuar e planit urbanistike të cilën lidhet kërkesa për legjendën dhe urdhër për realizim.

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:	2. PJESA TEKSTUALE:
Планиран развој на Измена и дополна на ГУП Струга 2007-20017	Zhvillim I planifikuar për Ndryshim dhe plotësim të PGJU Strugë 2007-20017


Намена на градба:	Qëllimi I ndërtimit:
Г2-Лесна и незагадувачка индустрија	G2-Industri e lehtë dhe jondotëse

изготвил / përpiloi: Демиралија Кормакоски / Demiralija Kormakoski

контролирал / kontrolloi: д.а. Натмир Неципи / a.d. Natmir Nexhipi

Градоначалник / Kryetar i komunës
Д-р. Рамис Мерко / Dr. Ramis Merko

М.П / V.V.


PRODUCED BY AN AUTODESK EDUCATIONAL PRODUCT
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
СТРУГА
ПРЕДЛОГ ПЛАН 2007-2017
ОПШТИНА СТРУГА
КОРИДОР 8
УЕ1
УЕ2
УЕ3
УЕ4
УЕ5
УЕ6
УЕ7
УЕ8
УЕ9
УЕ10
УЕ11
*A
*A´

5.15. ОПШТИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Уредување на градот по блокови

Изготвените Измени и дополни на Генерален урбанистички план - ГУП за градот Струга, е основен документ, со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територјална поделба на урбани единици и блокови, определени за градба. Урбаните единици се состојат од следните блокови

Урбана Единица	Блокови
УЕ 1	Б5, Б6, Б7
УЕ 2	Б8, Б9
УЕ 3	Б10, Б11
УЕ 4	Б12, Б13, Б14, Б15
УЕ 5	Б16, Б17
УЕ 6	Б18, Б19
УЕ 7	Б20, Б21
УЕ 8	Б22, Б23
УЕ 9	Б24, Б25, Б26
УЕ10	Б27, Б28
УЕ11	Б1, Б2, Б3, Б4
УЕ 12 (индустриска зона)	Б30

Во Блокови извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена домувањето и сите содржини што го пратат.

Билансните показатели во него, содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните блокови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот (Сл.весник бр.51/05). Истите се дадени во делот 3 Нумерички податоци.

Графичките прикази и билансните показатели го почитуваат и се изработени на основа Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006).

Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и друго наследство.

Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Струга, е основа за изработка на плановите од понизок степен - Детални урбанистички планови за Урбаните блокови на градот Струга, од Б 1 до Б 30 . Тој ги определува границите на урбаните блокови главно по природните граници, сообраќајниците и водотеците.

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со Просторниот план на Р. Македонија.

Поради флексибилност во користењето на просторот и можноста за користење на дел од станбените како туристички капацитети (непостојан дел на жители) Бројот на жители по блокови е пресметан со коефициент 1,25.

Основни параметри за уредување на просторот

- Сите елементи на планирањето во плановите од пониско ниво (Детални урбанистички планови, Урбанистички проекти)треба да бидат изработени во согласност Генералниот Урбанистички план на град Струга. За сите елементи кои не се опфатени во овој план треба да се постапува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на република македонија 51/2005), Правилникот за стандарди и нормативи

за уредување на просторот и проектирање на објекти (Службен весник на република македонија 78/2006) и правилникот за поблиска содржина на Просторните и урбанистички планови (Службен весник на република македонија 78/2006).

- Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
- Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.
- Параметрите во однос на **процентот на изграденост**, како и на **коефициентот на искористување на земјиштето** е во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект, според архитектонско-урбанистичката концепција на решението.
- При оформување на содржините во рамките на Деталните урбанистички плановиво потполност да се почитуваат и применуваат **мерки и режими за заштита дефинирани во Изводот од заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Струга, Изработени од Национална установа Завод за заштита на споменици на културата и музеј Охрид со Бр. 143/2006-2 од септември 2006.**
- Процентот на озеленување на ниво на блоковите се добива кога ќе се соберат сите предвидени озеленувања во блокот (јавно зеленило и зеленило планирано во поодделни парцели).
- При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни **мерки за заштита на елементите на животната средина**, при оформувањето на зелените површини, а по конкретно разработени на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект.
- Горенаведените параметри укажуваат на дозволена изграденост во Урбаните блокови што овозможуваат уредување на просторот со партерни елементи, урбана опрема, богати зелени површини, паркирање и друго.
- Со цел да се спречат архитектонските **бариери** при движење на инвалидизирани лица се предвидува пред секоја денивелација на тротоарите, пешачките патеки, партерите, како и влезовите во јавните и објектите за домување, да се постават рампи за движење на инвалидски колички и посебни возила.
- Настанатите општествено - политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметнаа потребата од измени во областа на **одбраната и засолнувањето**. Донесените законски и подзаконски акти со кои начелно се регулира проблематиката на засолништата во "Република Македонија се:

-Законот за одбрана (Сл.весник на РМ бр. 8/93);

-Уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 81/92);

-Правилникот за определување на висината на средствата потребни за изградба на засолништа и начинот и рокот на плаќањето односно враќањето на овие средства (посебен Сл.весник на РМ бр. 11/93);

-Уредба за изменување на уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 12/98), со која во уредбата од (Сл.весник на РМ бр. 81/92) во член 2 алинеа 1, ги дава критериумите за обезбедување со објекти за засолнување. За заштита од воени разурнувања ќе се применуваат мерки согласно претходно наведените закони и уредби.

- По однос на **заштита од природни непогоди**, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области. По однос на **технолошките непогоди**, треба да бидат превземни сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветната технологија.
- Согласно Законот за **заштита и спасување** (Сл.весник на РМ бр. 36/04), во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:

-Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни. Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила.

-Во Струга се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е околу 5 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.

-Потребно е да се предвидат надземни и подземни пожарни хидранти за снабдување на противпожарните возила со вода за гасење.

- Во Класата на намена Д2 можи да се предвидуваат само излези на сообраќајници.
- Во Класите на намена Д1 и Д2 не смеат да се изведуваат објекти на Бензински пумпни станици дадени во прилогот сообраќај како Зоните на бензински пумпи.

5.16. ПОСЕБНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Блок 1

Класи на намени: Во блокот се планираат намени за сервисни дејности (Г5), Големи трговски единици (Б2), Комунална инфраструктура -Гробишта (Г5), Инфраструктура (Г5), и заштитно зеленило (Д2).

Природа на зафат: Се планираат нови градежни зафати.

Зеленило: Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 20%

Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.

Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.

Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.

Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.
Други услови: Во сингуларна намена плажи не можи да се предвидуваат други класи на намени. Можно е поместување на урбана опрема во функција на плажата (сонцобрани, тенди, гардероби, спортски реквизити и слични плажни содржини)
Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.
Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.
Други услови: Да се почитуваат и применуваат **мерки и режими за заштита дефинирани во Изводот од заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Струга.**

Блок 28


Класи на намени: Се наоѓа во источниот крајбрежен дел на градот Струга. Во блокот се планираат планираат намени за сервисни објекти (Г), Јавни објекти (В) и зеленило спорт и рекреација (Д)Во овие намени треба да се планираат простори за плажи спорт и рекреација

Природа на зафат: Се планираат нови градежни зафати.
Зеленило: Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 40%
Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.
Други услови: Во сингуларна намена плажи не можи да се предвидуваат други класи на намени. Можно е поместување на урбана опрема во функција на плажата (сонцобрани, тенди, гардероби, спортски реквизити и слични плажни содржини)
Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.
Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.
Други услови: Да се почитуваат и применуваат **мерки и режими за заштита дефинирани во Изводот од заштитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Струга.**


Блок 30

Класи на намени: Се наоѓа во атарот на населеното место Мороишта, северно од Струга. Во блокот се планираат планираат намени за Производство дистрибуција и сервисни објекти (Г),


Природа на зафат: Се планираат нови градежни зафати.
Зеленило: Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 20%
Паркрање: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.
Други услови: Алтернативните класи на намени дадени во табелата да не надминат 30% од основните класи на намени.
Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006.



ОПШТИНА СТРУГА
ЛЕГЕНДА
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,96 ha
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
А. ДОМУВАЊЕ
А1. Семејно домување во куќи
А2. Семејно домување во згради
А3. Групно домување
А4. Времено домување
Б. КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б1. Мали комерцијално деловни единици
Б2. Големи трговски единици
Б3. Големи угостителски единици
Б4. Деловни простори
Б5. Хотелски комплекси
Б6. Простори за собири
В. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
В1. Образование
В2. Здравство
В3. Култура
В4. Државни институции
В5. Верски институции
Г. ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИС
Г1. Тешка и загадувачка индустрија
Г2. Лесна и незагадувачка индустрија
Г3. Сервиси
Г4. Стоваришта
Г5. Инфраструктура
Д. ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д1. Парковско зеленило
Д2. Заштитно зеленило
Д3. Спорт и рекреација
Д3. Плажа
СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ
СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ ОД ПОНИЗОК РАН
РЕКА-ВОДА
ДУХОВНА КУЛТУРА - ЦРКВИ И ЏАМИИ
Б 30
*А´
КОРИДОР 8
4562500
4561500
7473250
7473250



ОПШТИНА СТРУГА
ЛЕГЕНДА
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,98 ha
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
АКУРУРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
СИЛВАНА ВАНКОВСКА дипл.овластувања Б-1 1422/01
ДИМИТАР ПРОТЕСКИ дипл.овластувања Б-1 2535
ЕЛЕОНОРА ПАВЛОСКА мин.овластувања Б-1 2677
СИЛВАНА ВАНКОВСКА дипл.овластувања 0.0.0955
K.O. Vranište
шахта
сливник
хидрант
бетонски далековод
базен
оптат
огради
катастарска граница
канал
партерно уредување
трафостаница евидентирана
трафостаница невидентирана
евидентирани деловни објекти
невидентирани помошни објекти
кота на терен





БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПОСТОЈНА СОСТОЈБА:		Површини (m2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси (под објекти)	6296,75m2	65,43
	Сообраќајни површини во рамки на ГП	598,93m2	6,22
	Неизградена површина	2728,11m2	28,35
ВКУПНО		9623,79m2	100,00



шахта
сливник
хидрант
бетонски далековод
базен
оптат
огради
катастарска граница
канал
партерно уредување
трафостаница евидентирана
трафостаница невидентирана
евидентирани деловни објекти
невидентирани помоќни објекти
кота на терен
ОПШТИНА СТРУГА
ЛЕГЕНДА
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,96 ha
КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
МИСКОМ СТРУГА ДООЕЛ
ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл овластувања Б 1,0281
ДИМИТАР ЈРСТЕСКИ дипл овластувања Б 1,2335
ЕЛЕОНОРА ПАВЛОСКА мип овластувања Б 1,2677
СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл овластувања 0,0065



931/7
931/8
561/1
940/3
940/4
940/5
940/7
940/6
940/2
1283/2
K.O. Vranište
ПРЕСЕК 1-1
РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК НА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ
ОПШТИНА СТРУГА
ЛЕГЕНДА
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
МИСКОМ СТРУГА ДООЕЛ
УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ - ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ОПФАТОТ СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ


931/7
931/8
561/1
940/3
940/4
940/5
940/6
940/7
940/2
1283/2
K.O. Vranište
ПРЕСЕК 1-1
РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК НА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ
ОПШТИНА СТРУГА
ЛЕГЕНДА
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ


931/7
931/8
561/1
1283/2
940/3
940/4
940/5
940/6
940/7
940/2
K.O. Vranište
ПРЕСЕК 1-1
РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК НА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ
ОПШТИНА СТРУГА
ЛЕГЕНДА
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
МИСКОМ СТРУГА ДООЕЛ
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА


БИЛАНСИ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ:
Површина на градежна парцела м2
Површина на зеленило (m2)
Процентуална застапеност на зеленило (%)
Градежна парцела 1
9623,79m2
2126,97m2
22,10%
ВКУПНО
9623,79m2
2126,97m2
22,10%
931/7
931/8
940/3
940/4
940/5
940/6
940/7
940/2
1283/2
561/1
K.O. Vranište
ПРЕСЕК 1-1
РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК НА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ
ЛЕГЕНДА
ОПШТИНА СТРУГА
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
МИСКОМ СТРУГА ДООЕЛ
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА


БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА:
Површини (m2)
Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси (под објекти)
6355,87m2
66,04
Сообраќајни површини во рамки на ГП
712,24m2
7,40
Поплочени површини во рамки на ГП
428,71m2
4,45
Зеленило во рамки на ГП (ниско зеленило)
2126,97m2
22,10
ВКУПНО
9623,79m2
100,00
ПРЕСЕК 1-1
РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК НА КАНАЛ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ
931/7
931/8
940/3
940/4
940/5
940/2
940/6
940/7
1283/2
561/1
K.O. Vranište
ОПШТИНА СТРУГА
ЛЕГЕНДА
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
МИСКОМ СТРУГА ДООЕЛ
УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ - СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ СОГЛАСНО ИЗВОД ОД ГУП
ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ОПФАТОТ СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ


ПОВРШИНА ЗА ПОДЗЕМНО ПАРКИРАЊЕ
Површини (m2)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
Подземно паркирање
2004,641
ВКУПНО
2004,64m2
931/7
931/8
940/3
940/4
940/5
940/7
940/6
940/2
1283/2
561/1
K.O. Vranište
ОПШТИНА СТРУГА
ЛЕГЕНДА
ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
ПРИКАЗ НА ПОДЗЕМНО НИВО -1
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА НАМЕНА Г2 – ИНДУСТРИСКИ ЗГРАДИ ОД ДРУГИ ПРЕРАБОТУВАЧКИ ИНДУСТРИИ СО ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКИ ПРОЦЕСИ – ФАБРИЧКИ КОМПЛЕКСИ, НА ДЕЛ ОД КП 940/3 КО МОРОИШТА, ВО УЕ 12 (ИНДУСТРИСКА ЗОНА) ДЕЛ ОД БЛОК 30, ОПШТИНА СТРУГА

ТЕХНИЧКИ БРОЈ 08-03/2021

МАЈ 2025

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Место:	КО Мороишта
Доносител:	Општина Струга
Посебно е означена рутата на движење на тешките товарни возила, за кој влезот е од западна страна, го тангира паркингот за истите и поминува покрај товарната вага, ги тангира местата за утовар на готови производи и излегува од источна страна. Останатите сообраќајни површини се во рамките на градежната парцела, ги поврзуваат новопланираните градби и постојни објекти, се надоврзуваат на постојните сообраќајни површини, коишто се постојни во комплексот.

Со изработка на урбанистичкиот проект, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници и внатрешните сообраќајници, истото е усогласено со нивелетата на постојниот регионален пат Р2243 како и конфигурацијата на теренот. Подолжните наклони се движат од 0.1% до 0.3%.

Вкупниот потребен број паркинг места ќе зависи од програмата на инвеститорот. Планирана е површина за паркинг на тешки товарни возила и 8 паркинг места – подолжни пред објект 2.3. Останатите потреби за паркирање ќе се обезбедат во подземно ниво со решавање на резервната новопланирана површина за градење 2.10.

Под планираните градби 2.3, 2.10 и 2.12 се планирани со подземни нивои прикажани со подземна градежна линија, во којашто ќе се задоволат бројот на паркинг места. Вкупната површина на подземните нивои планирани за паркирање изнесува 11.438,83м^2 и истото е прикажано во графички прилог бр. 4 со приказ на подземно ниво -1.

Во издадениот Извод за дел од Блок 30, за КП бр. 939, 940/2, 940/3, 941/1 и 941/3, КО Мороишта под бр. 10-71/2 од 16.03.2021 г., е наведено: Паркирањето-гаражирањето да се предвиди во склоп на градежните парцели и во јавни паркинзи.

Во понатамошна изработка на ДУП за блок 30 (индустриска зона Мороишта), обврска е да се предвидат јавни паркинзи и јавен градски превоз, со кој ќе се задоволат потребите за паркирање.

Со овој урбанистички проект е формирана градежна парцела на КП 941/3 и делови од КП 941/1, КП 939 и КП 940/2, КО Мороишта, чии граници се движат по дел од границите на катастарските парцели и зафаќаат делови од нив и притоа почитувајќи ја границата на ГУП Струга (плански период 2007-2017). Со изработка на детален урбанистички план, ќе се планираат сообраќајници коишто согласно Правилник ќе бидат категоризирани и со кои ќе се коригираат градежните парцели према планираните сообраќајници.

ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

Партерното решение се состои од: сообраќајни површини коишто се превземени од постојните површини на пристапи и внатрешен сообраќај, површина во рамки на градежната парцела, паркинг за тешки товарни возила, планирана површина за паркирање, за лесни коли, поплочена површина за пристап до објектите и зеленило.

Согласно член 166 и член 169 од *Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25)*, а имајќи ја во предвид основната намена, типот и големината на градбата, во рамки на градежната парцела планирано е **приватно дворно зеленило**.

Имајќи во предвид дека покрај парцелата поминува заштитен појас на постојниот далновод, планирана е површина само со ниско зеленило – трева и постојно виско зеленило. Во делот кој не е во овој заштитен појас, можно е поставување и на мало дрво и ниски џбунести растенија.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Утврдениот минимален процент на озеленетост од 20% е во согласност со *Законот за урбано зеленило* („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 11/18 и 42/20).

На ниво на терен во рамки на градежната парцела, обезбедени се 19,0% зеленило, односно 11483,32м^2. Во планираната состојба на УП, се зголемуваат површините за градење од постојната состојба, но за сметка на тоа се предвидуваат и кровни градини на објекти бр. 2.3 и 2.10, со кои дополнително се обезбедуваат уште 15.4% зеленило, односно 9505,36м^2. Вкупната површина со обезбедено зеленило во градежната пацела на таков начин, изнесува 34,4%, односно 20988,36м^2.

Табела 5 - Билансни показатели на зелени површини:

БИЛАНСИ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО РАМКИ НА ГП:		површини на зеленило м2	процентуална застапеност %
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	Зеленило во рамки на ГП (на ниво на терен)	11483,32m2	19,0%
	Кровна градина на објект 2.3	6314,25m2	15,4%
	Кровна градина на објект 2.10	3191,11m2	
	Вкупна површина на кровни градини	**9505,36m2**	
ВКУПНО ЗА ЗЕЛЕНИЛО:		**20988,68m2**	**34,4%**

ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

Водоводна и канализациона инфраструктура

Преземени се постојните инсталации од графички прилог од доставени податоци и информации за постојна водоводна и фекална мрежа од доставено барање за податоци и мислења од страна на надлежна институција ЈП Водовод и канализација Струга.

Во непосредна близина на проектниот опфат постои водоводна линија Ø90, Ø110 и Ø2", како и фекална канализација Ø300.

Водоснабдувањето ќе се одвива преку постојниот приклучок од веќе постојниот објект.

Фекалната канализација во согласност со одредбите од член 150 од Законот за водите се приклучуваат на колекторскиот систем кои ги евакуира загадените води во пречистителната станица во с.Ложани и пречистени ги испушта во реципиентот реката Црн Дрим. Атмосферските води преку атмосферската канализација се евакуираат директно во реципиентот Црн Дрим.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Електро-енергетска инфраструктура

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

Едновремената ел. моќност за градби на предметниот проектен опфат изнесува:

Pen = 3868 kW

Согласно добиени податоци од ЕВН, во опфатот влегуваат дел од постојни 10(20)kV подземни водови, дел од 10(20)kV надземен вод и дел од 35kV надземен вод. Не се планираат нови во развој.

Телекомуникациска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според површината на објектот, неговата функција, број на вработени и корисници и сл.

Според добиените податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје има постојни телекомуникациски инсталации во дел од предметниот проектен опфат и истите се нанесени во графички прилог.

Агенцијата за електронски комуникации има доставено прилог со податоци со кои во моментов располага, односно нанесена постојна електронска комуникациска мрежа – оптички и бакарен кабел во близина на опфатот.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

1.4 Детални услови за проектирање и градење

Табела 6 - Нумерички показатели:

Зграда за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски зграда од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на КП 941/3 и делови од КП 941/1, КП 939 и КП 940/2 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од Блок 30, Општина Струга

БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ	КАТНОСТ	ВИСИНА НА ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ИЗГРАДБА НА ГРАДБА	ПОВРШИНА ПОД ОБЈЕКТИ	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ТИП НА ГРАДБА	ПРОЦЕНТНА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ОБЕЗБЕДЕН ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ %	ПОВРШИНА ПОД ЗЕЛЕНИЛО (m2)	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА
2	60571,39m2	Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси	Б – Комерцијални и деловни намени (административен дел со деловни простории и канцеларии), Г – Рударство, енергетика, индустрија (магацини) и Е – Инфраструктура (трафостаници)	П+1	H=12.0м	60571,39m2	2.1	5520,68m2	8281,03m2	производство со анекс - помошни простории	59,96%	0,90	Затечено во рамки на ГП2 на ниво на вран - 19,0% и Затечено на кровен градеж - 15,4% - ВКУПНО 34,4% затечено	Затечено во рамки на ГП2 на ниво на вран - 11483,30м2 и Затечено на кровни градежи - 9080,73м2 - ВКУПНО 20563,69м2 затечено	Потребен број на паркинг места за сопственикот/корисникот на градежната парцела согласно Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот и за урбанистички планови (Службен весник на РСМ бр. 142/2013, 156/2013, 41/2014, 44/2015, 129/2015, 79/2016, 71/2018, 163/2019 и 305/2020)
				П+1	H=12.0м		2.2	6027,25m2	9040,94m2	производство со магацин					
				П+1	H=12.0м		2.3	6314,25m2	9471,38m2	производство со анекс (деловни простории)					
				П+1	H=15.0м		2.4	5462,07m2	8193,11m2	магацин и трафостаници					
				П+1	H=12.0м		2.5	3476,22m2	5214,33m2	производство со магацин					
				П	H=3.0м		2.6	91,40m2	91,40m2	постојна трафостаница					
				П	H=6.0м		2.7	68,09m2	68,09m2	таретна вага-постојна					
				П	H=3.0м		2.8	600,69m2	600,69m2	магацин со котлара					
				П+1	H=12.0м		2.9	2951,48m2	4427,22m2	магацин со котлара					
				П+1	H=12.0м		2.10	3032,60m2	4548,90m2	резервна површина за градби за потребите на вработените и инвеститорот					
				П+1	H=15.0м		2.11	1188,96m2	1783,44m2	магацин					
				П+1	H=12.0м		2.12	1384,93m2	2769,86m2	деловен простор					
				П	H=3.0м		2.13	39,11m2	39,11m2	портирница-запад 1					
				П	H=3.0м		2.14	60,16m2	60,16m2	портирница-запад 2					
				П	H=3.0м		2.15	60,16m2	60,16m2	портирница-исток 3					
				П	H=3.0м		2.16	43,13m2	43,13m2	портирница-исток 2.2 -постојна					
ВКУПНО	60571,39m2					60571,39m2		36321,22m2	54692,93m2		59,96%	0,90	20,0%		

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 2

НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДБА	ПОВРШИНА ПОД ОБЈЕКТИ	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ТИП НА ГРАДБА
2.1	5520,68m2	8281,03m2	производство со анекс - помошни простории
2.2	6027,29m2	9040,94m2	производство со магацин
2.3	6314,25m2	9471,38m2	производство со анекс (деловни простории)
2.4	5462,07m2	8193,11m2	магацин и трафостаници
2.5	3476,22m2	5214,33m2	производство со магацин
2.6	91,40m2	91,40m2	постојна трафостаница
2.7	68,09m2	68,09m2	теретна вага-постојна
2.8	600,69m2	600,69m2	магацин со котлара
2.9	2951,48m2	4427,22m2	магацин со котлара
2.10	3032,60m2	4548,90m2	резервна површина за градба за потребите на вработените и инвеститорот
2.11	1188,96m2	1783,44m2	магацин
2.12	1384,93m2	2769,86m2	деловен простор
2.13	39,11m2	39,11m2	портирница-запад 1
2.14	60,16m2	60,16m2	портирница-запад 2
2.15	60,16m2	60,16m2	портирница-исток 3
2.16	43,13m2	43,13m2	портирница-исток 2.2 -постојна
	36321,22m2	**54692,93m2**	

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

- На градежната парцела 2 се предвидени површини за градба на објекти со основна класа на намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, со површини:

- Планираните објекти имаат катност од П и П+1 со максимална височина од 15.00м. Во однос на градбите, има кој планираат да се реконструираат со конструкција и делумно со површината за градба. Има градби коишто целосно се заменуваат со новопланирани. Процентот на зеленило во градежна парцела е минимум 20%.

- Пристапот до градежната парцела е од западна страна преку постојната индустриска улица со променлива ширина.

- Да се обезбеди задолжителниот минимален процент од 20% на зеленило во рамки на сопствената градежна парцела како основен услов за добивање на Одобрение за градење. За конкретната ГП изнесува 20988,68м^2, односно обезбедени се 34,4% зеленило (вкупно со зелени кровни градини).

- Одобрение за градба ќе се издаде врз основа на одобрена проектна документација по одобрен идеен проект, изработени согласно *Законот за градење* („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25 и 87/25).

- Потребен број на паркинг места да се обезбеди, дефиниран според член 59 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* (Сл.Весник на РМ бр. 78/2006), за намена:
  Г2 – Лесна индустрија – 1 паркинг место на 100м^2 ако вкупната површина е поголема од 1200м^2.

- За добивање на Одобрение за градење, да се почитуваат Условите за градење во рамки на границите на градежната парцела дадени погоре како и да се почитува *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* (Сл.Весник на РМ бр. 78/2006).

- За добивање на Одобрение за градење, да се почитуваат Условите за градење во рамки на границите на градежната парцела дадени погоре како и да се почитува *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 78/2006).*

- При изработка на основни проекти за планираните градби, да се почитуваат дадените податоци, информации и мислења со дадените одредби и мерки за заштита од страна на надлежните институции кои се произнеле со соодветен одговор согласно член 47 од *Законот урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).*

1.5 Мерки за заштита

1.5.1 Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 171/22 и 3/25);
- Закон за заштита на природата („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 67/04, 14/06,84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18, 151/21 и 3/25);
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 146/15 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25);
- Закон за води („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25);
- Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. весник на Р.Македонија" бр.18/99);
- Уредбата за класификација на водите („Сл. весник на Р.Македонија" бр. 18/99);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 31/16);
- Закон за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Северна Македонија" бр.216/21 и 3/25);

- Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25);
- Закон за заштита и спасување („Сл. весник на РМ", бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21);
- Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25);
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.Македонија" бр. бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 83/18);
- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25 и 87/25).

Право и должност е на Република Македонија, Општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животната средина (53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 171/22 и 3/25).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки и активности** (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната организација на урбаниот опфат.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

- **Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина**

Согласно Законот за животна средина (53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 171/22 и 3/25) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утрдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина („Сл.весник на Р.Македонија"бр. 74/05), за проектите кои се наведени во Прилогот II од Уредбата, при изработка на основните проекти треба да се утврди потреба за спроведување на постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од Уредбата, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Во фазата на спроведување на **Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на КП 941/3 и делови од КП 941/1, КП 939 и КП 940/2 КО Мороишта, во УЕ 12 (Индустриска Зона) дел од Блок 30, Општина Струга,** доколку не се спроведува оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, да се почитуваат Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначаникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на Р.Македонија„) бр.32/12 и Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина, „Службен весник на Р.Македонија„ бр.36/12).

За предметниот проектен опфат, **изработен е Извештај за Стратегиска оцена на животната средина** за урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 –лесна и незагадувачка индустрија, на КП 941/1, КП 941/3 и делови од КП 939 и КП 940/2, КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, **од март 2023 година од страна на Консултантско друштво Енвиро Ресурси ДОО Скопје и е издадено Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина под арх. бр. 15-2100/2 од 28.03.2023 година, од страна на Секторот за просторно планирање при Министерство за животна средина и просторно планирање.**

- **Природни реткости**

Согласно донесениот *План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.45/20) и одредбите во точка 9.2.1 од него, планскиот опфат спаѓа во заштитната зона која е „формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени" т.е. е простор во рамки на „населби и друго градежно земјиште" кое е категоризирано во **Третата заштитна зона утврдена со границите за заштитни зони на природното наследство**.

Во оваа зона е овозможен развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но се дефинирани посебни услови од аспект на заштита на природното наследство, според кои **забранети се следните активности**:

- интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат површинските и подземни води;
- зголемување на урбаните опфати на населбите за не повеќе од 20%;
- изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Согласно добиеното **Стручно мислење под арх бр. 11-2457/4 од 25.05.2023 година од страна на Секторот за природа, Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање**, предметниот проектен опфат е простор којшто согласно секторската Студија за заштита на природно наследство (1999), изготвена на потребите на Просторниот План на Република Македонија („Сл Весник на РМ", бр, 39/04) и просторните податоци во државен координатен систем изготвени од Службата за просторен информативен систем, допис бр. 16-2457/3 од 24.04.2023 година, не се наоѓа во граници на заштитено подрачје утврдено со Закон како и во границите на Националната Емералд мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI – Areas of Special Conservation Interest) која претставува алатка за воспоставување на идната Европска еколошка мрежа – Натура 2000. Согласно просторната идентификација утврдено е дека предметниот проектен опфат се наоѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, утврдени во Досието за номинација на природното и културно наследство на Охридскиот регион (1979), односно во Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план („Сл. Весник на РСМ", бр. 45/20).

Согласно одредбите од Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регон со Акциски план, предметниот проектен опфат од аспект на заштита на природното наследство, се наоѓа во Третата заштитна зона, која ги опфаќа просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми) што се застапени помеѓу котата 866 м.н.в. и надворешната граница на Првата заштитна зона.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Во оваа зона согласно утврдените мерки на заштита дефинирани во поглавјето 9.2.1.3 од наведениот План за управување, се забранува: (1) интензивно земјоделско производство со примена на арско, хемиско ѓубриво и пестициди кои ги загадуваат повшинските и подземните води, (2) зголемување на урбаниот опфат на населбите за не повеќе од 20% , (3) изградба на инфраструктурни градби освен кога проектите се од јавен интерес и (4) други активности кои можат да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

Земајќи го во предвид изнесеното, а особено фактот дека предметното проектно решение на површина од 6.06 ха, предвидува операционализирање на плански поставки утврдени во Блок 30 (дисперзирана површина северно од градот Струга) од постоечкиот Генерален урбанистички план на Струга донесен со Одлука на општина Струга бр. 07-643/7 од 05-04.2007 година (2007-2017), Управата за животна средина од аспект на своите надлежни во областа на заштита на природата, ја подржува Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на КП 941/3 и делови од КП 941/1, КП 939 и КП 940/2 КО Мороишта, во УЕ 12 (Индустриска Зона) дел од Блок 30, Општина Струга, но укажува од потребата од дополна на истиот во поглавјето 1.5 Мерки за заштита / Природни реткости, согласно долунаведеното:

4 При изработка и донесувањето на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела со намена Г2 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси, на КП 941/3 и делови од КП 941/1, КП 939 и КП 940/2 КО Мороишта, во УЕ 12 (Индустриска Зона) дел од Блок 30, Општина Струга, покрај режимот на заштита утврден во Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), целосно да се почитуваат и применуваат законските одредби дефинирани во член 2, став 2 и став 3, член 6, член 9, алинеја 4 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл. Весник на РСМ“, бр. 75/10);

5 Согласно точката 9 од Заклучоците од 57-та Седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23.03.2021 година, бр. 40-3698/1 од 23.03.2021 година, “се препорачува општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца во постапките на издавање на Одобрение за градба задолжително покрај Изводот од Детален урбанистички план да издаваат и изводи од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион“.

6 Согласно член 17 од Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ“, бр. 75/10), предметната документација треба да се достави на мислење до Комисијата за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион именувана од страна на Владата на Република Северна Македонија („Сл Весник на РСМ“, бр. 143/20).

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

- **Мерки за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух**

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 146/15 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25).

Амбиентен воздух е надворешен воздух во тропосферата во кој не е опфатен воздухот на работното место, а неговиот **квалитет** е состојба на амбиентниот воздух, прикажан преку степенот на загаденост.

Извори на загаденост на амбиентниот воздух согласно овој закон се:

1. инсталации кои се користат во технолошки процеси и енергетски градби (стационарни извори);
2. мотори со внатрешно согорување вградени во возила (подвижни извори);
3. горива.

Управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух се врши преку:

- оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и
- донесување и спроведување на проектен документи.

Заради реализирање на квалитетот на амбиентниот воздух согласно овој закон, како и за нивно планирање и реализирање, се изработуваат:

1. Национален план за заштита на амбиентниот воздух (План) и
2. Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентнот воздух (Програма).

Планот го донесува Владата на Република Македонија, а Програмата, на предлог на градоначалникот, ја донесува Советот на општината.

Мониторингот на состојбите и промените на квалитетот на амбиентниот воздух, се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кој се јавуваат по постојниот локален пат од предметниот проектен опфат. Моторниот пристап до постојните и планираните градби во внатрешноста на паркот, како и заштитните мерки - противпожар се решаваат режимски.

Од горенаведеното може да се заклучи дека загадувањето од издувните гасови од возилата нема да има битно влијание на третираниот простор.

Мониторинг на емисии од стационарни извори

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

- **Мерки за заштита на води**

Согласно важечката законска регулатива, задолжително е испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присустни во реципиентот, дадени во Уредба за класификација на површинските води („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 99/16).

Во предметната документација е планирано фекалните отпадни води да се одведат до постојниот приклучок за фекална канализација.

- **Управување со отпадот**

Со Законот за управување со отпадот („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 216/21 и 3/25) се уредуваат: управувањето со отпадот, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начин и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот и др.

Целите на овој закон се да се обезбеди:

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштита на природните ресурси;
- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина;
- остранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Приоритети при управување со отпадот:

1. Создавачите на отпад се должни, во најголем мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2. При управување со отпадот, по предходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или
- да се користи како извор на енергија.

Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадувањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Надлежните органи на Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, проектен и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување на отпад на Р.Македонија, се донесува за период од шест години. За реализација на Планот за управување со отпадот на Р.Македонија, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период од три години, а не подолго од шест години.

Складирање и собирање на отпадот

За цврстиот отпад се предвидува поставување на канти и контејнери за отпадоци на погодни места и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа е се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

- **Мерки за заштита од бучава во животната средина**

Управувањето со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина е предмет на уредување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21 и 3/25).

Цели на овој закон се:

1. создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава;
2. преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата;
3. преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување;
4. остранување или намалување на штетните ефекти кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и

5. обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура и др.

Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина

Правните и физичките лица се должни да и преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,
- да изведуваат градежни работи, како и да превземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзиното доведување во рамките на граничнит вредности на ниво на бучава;
- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесуваат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;
- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување од бучава на животната средина над граничните вредности на ниво на бучава;
- да се воздржат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето;
- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и
- да превземат други мерки со цел за заштита од бучава.

1.5.2 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и 42/20), Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21), Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со:

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

- Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21),
- Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19), како и:
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10) и
- Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:
- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за заштита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување, мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21), се предвидуваат следните урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- Асанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот проектен опфат, како во рамките на урбанистичкото планирање, така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа планска документација.

Урбанистичко технички мерки кои се предвидуваат во овој урбанистички проект, согласно добиените Претходни услови од ДЗС – ПО Струга, се:

Заштита и спасување од поплави, уривања на брани и други атмосферски непогоди

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21) член 67, заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлози и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 93/12 (Пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16, 83/18, РСМ бр. 215/21). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со:

- Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 100/10),
- Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување – евакуација на населението („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 101/10),
- Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 105/05),
- Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 94/09),
- Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на РСМ" бр. 231/20),
- Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гасење на пожари („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 26/18), како и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, проектен опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од **Струга**. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

ЧИП ГРОУП ДООЕЛ
П. ФАХ 104, УЛ. КОСТУРСКИ ХЕРОИ БР. 15/1-1А
1000 СКОПЈЕ

Исто така, во проектната документација која се изработува врз основа на Законот за градење, потребно е да се предвидат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивставени страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5 метри, а најмногу 80 метри.

